ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Палата „Емануел Чучков“
ул. Јордан Мијалков
П.Фах 249
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: +389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 17 – 76/3

Дата: 26.02.2019

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за психијатрија (во понатамошниот текст - Клиника) на сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи (во понатамошниот текст - сметката за сопствени приходи) за 2017 година.

Изразено е мислење без резерва во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба и резултатите од финансиските активности во финансиските извештаи и мислење со резерва во однос на усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики за 2017 година.

Не е вршена ревизија, ниту е издаден било каков извештај за финансиските извештаи на Клиниката за годините кои претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.
Со извршената ревизија на финансиските извештаи на Клиниката за 2017 година констатирано е дека не е обезбедена комплетност на наплатата на приходите поради донесена Одлука за распределба на паричниот надоместок по основ на издавање конзилијарни мислење согласно која само 10% од вкупниот надоместок останува како приход за Клиниката. Кон крајот на 2017 година настанати се измени на законските акти со кои престанува обврската за издавање на конзилијарни мислења поради што ревизијата не дава препорака за утврдената состојба.
Во делот Останати прашања ревизијата известува дека Клиниката има ненаплатени побарувања од Министерството за здравство за извршени здравствени услуги по Програми за здравствена заштита во износ од 1.989 илјади денари.
На ден 22 и 28.01.2019 година добиени се Забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за психијатрија (во

понатамошниот текст Клиниката) број 03-49/1 од 22.01.2019 година, од асс.д-р Стојан Бајрактаров, медицински директор на Клиниката, заведено во Државниот завод за ревизија под број 17-76/1 од 22.01.2019 година и од д-р сци. м-р Роберт Величковски, поранешен организациски директор на Клиниката, заведено во Државниот завод за ревизија под број 17-83/1 на 28.01.2019 година. Доставените забелешки претежно се однесуваат за сметка за средства од фондот додека за оваа сметка беше дадено укажување за една од точките на образложенијата кон финансиските извештаи и по истото е постапено.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 9 до 11 заедно со ревизија на усогласеност на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за психијатрија на сметката за сопствени приходи, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на изворите на капиталните средства и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Клиниката за годините кои претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на Клиниката застапувано од:

- проф. д-р Антони Новотни, в. д. медицински директор од 06.02.2008 до 04.08.2017 година
- асс. д-р Стојан Бајрактаров, в.д. медицински директор од 04.08.2017 година
- Роберт Величковски, организациски директор од 06.04.2016 година

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од

точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со

ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 15.09.2018 до 01.11.2018 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој Извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија одржан на 11.12.2018 година.

На ден 22 и 28.01.2019 година добиени се Забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за психијатрија (во понатамошниот текст Клиниката) број 03-49/1 од 22.01.2019 година, од асс.д-р Стојан Бајрактаров, медицински директор на Клиниката, заведено во Државниот завод за ревизија под број 17-76/1 од 22.01.2019 година и од д-р сци. м-р Роберт Величковски, поранешен организациски директор на Клиниката, заведено во Државниот завод за ревизија под број 17-83/1 на 28.01.2019 година. Доставените забелешки претежно се однесуваат за сметка за средства од фондот додека за оваа сметка беше дадено укажување за една од точките на образложенијата кон финансиските извештаи и по истото е постапено.

**Констатирани се следните состојби:**

### 3.1. Усогласеност со закони и прописи

3.1.1. Со Законот за изменување на Законот за социјалната заштита Клиниката има обврска да издава конзилијарно мислење за потребата за помош и нега од друго лице. Формата и содржината на конзилијарното мислење е уредена со

Правилник[1] согласно кој висината на надоместокот за издавање на мислењето изнесува 1.200 денари. Управниот одбор на Клиниката има донесено Одлука за распределба на паричниот надоместок врз основа на која 10% односно 120 денари од овој надоместок остануваат како приход за Клиниката, а остатокот се распределува на лекарите специјалисти- членови на Комисијата.

Во текот на 2017 година по овој основ Клиниката има остварено приход во вкупна вредност од 1.331 илјади денари од кои 1.091 илјади денари се исплатени на членовите на комисиите и вработените, а 240 илјади денари остануваат како приход за Клиниката (2016 вкупен износ од 1.205 илјади денари од кои 1.056 илјади денари се исплатени на членовите на комисиите, а 149 илјади денари остануваат приход за Клиниката и во 2015 година вкупен износ од 1.600 илјади денари од кои 1.200 илјади денари се исплатени на членовите на комисиите, а 400 илјади денари остануваат приход за Клиниката).

Имајќи ја предвид општествената одговорност на Управниот одбор во системот на здравствена заштита и улогата на Клиниката која како јавна установа пружа здравствена заштита преку систем на општествени мерки, активности и постапки, се поставува прашањето за оправданоста на одлуката на Управниот одбор за висината на средствата кои се одвојуваат за Клиниката.

Ваквиот начин на управување неповолно влијае на обемот на остварените сопствени приходи на Клиниката поради што може да се констатира дека не е обезбедена сразмерност на распределба на наплатените приходите, што не е во согласност со член 37-б од Законот за буџетите.

На крајот на 2017 година до Клиниката е доставено известување во врска со измените на Законот за социјална заштита за престанување на потребата од работење на комисиите за издавање на конзилијарно мислење за потребата за помош и нега од друго лице, од тие причини ревизијата не дава препорака за утврдената состојба.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупниот ефект кој претставува основ за изразување мислење е необезбедена комплетност на наплатата на приходите утврдено во точката 3.1.

[1] Правилник за формата и содржината на конзилијарното мислење со наод, медицинската документација, како и надоместокот за издавање на конзилијарно мислење со наод за остварување на правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице (Сл.весник на РМ бр.150/2014).

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за психијатрија на ден 31 декември 2017 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 3.1., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за психијатрија, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Останати прашања

5.1. Владата на Република Македонија согласно Законот за здравствена заштита донесува и објавува Програми за здравствена заштита, со кои се утврдуваат мерки, задачи и активности, содржина, обем и рокови за нивно извршување како и финансиски средства за остварување на ниво на програма и тоа за осигурени и не осигурени лица. Министерството за здравство врши распределба на средствата на јавните здравствени установи по Програми и надзор на спроведување на истите врз основа на доставени фактури и извештаи за реализација на активностите содржани во Програмата, во обем на средствата одобрени од Буџетот на Република Македонија за тековната година.

Во отсуство на пишани критериуми и утврдена постапка за распределба на финансиските средства по програми, истите се одобруваат во вкупен износ на ниво на сите јавни здравствени установи.

Ваквата состојба оневозможува:

- транспарентна распределба на средствата на поединечните јавни здравствени установи;
- сообразување на преземените активности и одобрените средства по програми поради што наплатата на побарувањата по наведените основи од Министерство за здравство не може да се изврши во целост;

- остварување на целите по програмите.

На ден 31.12.2017 година Клиниката има ненаплатени побарувања од Министерството за здравство за извршени здравствени услуги по Програми за здравствена заштита во износ од 1.989 илјади денари.
За надминување на наведената состојба потребно е Министерот за здравство да преземе мерки за реално димензионирање на активностите во рамки на одобрените средства од Буџетот на Република Македонија како и да пропише критериуми за распределба на средствата по здравствените установи.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2017 ГОДИНА

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | 2017 | 2016 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 9.499 | 10.496 |
| Трансфери и донации | 289 | 442 |
| **Вкупно приходи** | **9.788** | **10.938** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 7.762 | 9.874 |
| **Вкупно тековни расходи** | **7.762** | **9.874** |
| **Капитални расходи** | **1.849** | **842** |
| **Вкупно расходи** | **9.611** | **10.716** |
| **Вишок на приходи над расходи** | **177** | **222** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2017 ГОДИНА

во 000 ден.

| **Опис на позицијата** | **2017** | **2016** |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 177 | 222 |
| Побарувања | 7.056 | 7.449 |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетот и фондовите | 2.668 | 2.668 |
| Активни временски разграничувања | 912 | 1.184 |
| Залихи | 551 | 599 |
| **Вкупно тековни средства** | **11.364** | **12.122** |
| **Вкупна актива** | **11.364** | **12.122** |
| **Пасива** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 912 | 1.184 |
| Краткорочно обврски за даноци, придонеси и други давачки | 3 | 19 |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетите и фондовите | 2.668 | 2.668 |
| Пасивни временски разграничувања | 7.230 | 7.652 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | **10.813** | **11.523** |
| **Извори на капитални средства** | | |
| Извори на капитални средства | 551 | 599 |
| **Вкупно извори на капитални средства** | **551** | **599** |
| **Вкупна пасива** | **11.364** | **12.122** |

| ПРЕГЛЕД<br>НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИТЕ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА ЗА 2017 ГОДИНА | |
|---|---|
| | |
| | во 000 ден. |
| О П И С | **Останат капитал (залихите на материјалите, резервните делови и ситниот инвентар)** |
| | |
| **Состојба 01.01.2017 година** | **599** |
| | |
| **Зголемување по основ на:** | **5.410** |
| Набавки | 5.410 |
| | |
| **Намалување по основ на:** | **5.458** |
| потрошок на залихите | 5.458 |
| | |
| **Состојба 31.12.2017 година** | **551** |